**ОПШТИ ПРАВИЛА И УСЛОВИ НА WIZZ DISCOUNT CLUB**

1.

ТОЛКУВАЊЕ

1.1.

Поимите и изразите кои се дефинирани во „Општите услови на превоз на Wizz Air“ (GCC) треба да го имаат истото значење кога се користат во „Општите правила и услови“ (GTC), освен ако е поинаку наведено подолу или доколку контекстот бара поинакво значење.

1.2.

Во случај на каква било противречност помеѓу „Општите услови на превоз“ и „Општите правила и услови“, ќе преовладуваат одредбите на „Општите правила и услови“.

2.

ДЕФИНИЦИИ

2.1.

Апликација: Wizz Air мобилната апликација, е поврзана со веб-страницата и управувана од или за Wizz Air каде што може да се направат резервации.

2.2.

Резервација: резервација за еден или повеќе летови со Wizz Air (со какви било дополнителни услуги, доколку е применливо) што е потврдена како прифатена од нас.

2.3.

Кобрендирана кредитна картичка: WIZZ кредитни картички издадени од различни банки во различни земји.

2.4.

„Општи услови на превоз“ или GCC: општите услови на превоз на Wizz Air што се објавени на веб-страницата и Wizz Air ги изменува повремено.

2.5.

Италијански домашен лет: лет управуван од Wizz Air на маршрута што директно поврзува две (2) точки на територијата на Република Италија.

2.6.

„Член“ или „Вие“ е лицето кое станало член на Wizz Discount Club во текот на процесот на пријавување за членство во клубот.

2.7.

Членство што се плаќа: оние видови членства на Wizz Discount Club кои се достапни за одредена такса (како што се: Standard членство, Standard Plus членство, Premium членство, Premium Plus членство)

2.8.

Веб-страница: www.wizzair.com

2.9.

Wizz Discount Club или Клуб: Компилација на специјална понуда на Wizz Air, која работи врз основа и согласно сегашните „Општи правила и услови“, која им дава право на членовите на одредени поволности како што е наведено овде.

2.10.

Wizz Air или „Ние“: ентитетот на Wizz Air (Wizz Air Hungary Ltd или Wizz Air UK Ltd или Wizz Air Malta Ltd или Wizz Air Abu Dhabi LLC или кој било друг ентитет на Wizz Air) што управува со летот на којшто сте купиле членство во WIZZ Discount Club и којшто ја издава фактурата за купувањето на WIZZ Discount Club.

3.

ТИПОВИ ЧЛЕНСТВО НА WIZZ DISCOUNT CLUB

3.1.

Основно членство: Ова бесплатно членство ви обезбедува помалку поволности, попусти (односно, помали од поволностите во членствата што се плаќаат) и нуди поволности за членот само без никаква обврска за плаќање да се регистрира како неплатен член.

3.2.

Standard членство: Ова членство нуди поволности за членот и уште еден (1) придружник.

3.3.

Standard Plus членство: Ова членство нуди поволности за членот и најмногу уште пет (5) придружници.

3.4.

Premium членство

Ова членство нуди премиум поволности на членот и уште еден (1) придружник.

3.5

Premium Plus членство

Ова членство нуди поволности за членот и најмногу уште пет (5) придружници.

4.

ПРОЦЕС НА ПРИДРУЖУВАЊЕ И НАДГРАДБА

4.1.

Можете да се приклучите на Standard/Standard Plus / Premium/ Premium Plus Wizz Discount Club:

(а) на интернет при резервирањето на нашата веб-страница или апликацијата, со купување на членството во клубот и целосно плаќање на годишната членарина при резервирање лет со нас;

(б) преку нашиот Центар за поддршка кога вршите резервација, со купување на членството преку Центарот за поддршка и целосно плаќање на годишната членарина во клубот.

4.2.

Може да се придружите на основното членство на Wizz Discount Club во секое време на нашата веб-страница или преку апликацијата, како и онлајн додека правите резервација. Услов за придружување е претплата на нашиот билтен за специјални понуди. Ниту една обврска за плаќање не е поврзана со бесплатното членство. Слободно може да се отпишете од добивање на нашите билтени во секое време на нашата веб-страница и преку апликацијата или со кликнување на линкот за отпишување од нашиот билтен. Доколку се отпишете, вашето основно членство ќе остане активно и нема да добивате известувања за претстојните дополнителни или нови видови поволности на основното членство.

4.3.

За да добивате уште повеќе попусти, основното членство може да го надградите во секое време на Standard/Standard Plus/ Premium или Premium Plus членство при правењето резервација на начините опишани во клаузула 4.1.

4.4.

Ќе добиете Standard/ Standard Plus/ Premium/  Premium Plus Discount Club членство кога целосно ќе ја платите вкупната цена на превоз на крајот од вашата резервација и кога Wizz Air ќе го издаде и потврди планот на патувањето за вас.

4.5.

Доколку се придружите на клубот и купите Standard/   Standard Plus/ Premium/ Premium Plus  (Standard или Group) на Wizz Discount Club, автоматски ќе можете да ги користите поволностите и попустите што им се нудат на членовите на основното членство на Wizz Discount Club.

4.6.

Доколку имате Standard членство, може да го надградите на Standard Plus/ Premium/ Premium Plus членство при резервирањето на начинот опишан во клаузула 4.1.

4.7.

Го задржуваме правото да одбиеме членство на кое било лице без оправдување и ако даден член ги прекрши „Општите правила и услови“, „Општите правила и услови на превоз“, „Условите на користење на веб-страницата“ или било какви закони и регулативи од член - и/или да го прекинеме членството на тој член во секое време.

5.

ПЛАЌАЊЕ НА ЧЛЕНАРИНАТА

5.1.

Кога купувате Standard/ Standard Plus/ Premium/ Premium Plus Wizz Discount Club членство вие сте обврзани да ја платите во целост годишната членарина. Плаќањето на годишната претплата може да се изврши со банкарска картичка, банкарска трансакција и/или преку кредит на WIZZ.  Алтернативните методи на плаќање може да бидат достапни според вашата адреса за фактурирање или избраната валута.5.2.

Таксата за членарината ќе ви биде прикажана при купувањето, а може да се најде и на нашата веб-страница.

6.

ПОВОЛНОСТИ НА ЧЛЕНСТВОТО

6.1.

Членството во Wizz Discount Club на членовите им обезбедува специјални цени на клубот што не се достапни за лицата што не се членови, како и други поволности за коишто ќе добиете информација при купувањето на членството или подоцна.

6.2.

Wizz Air го задржува правото да прави промени во својата мрежа на рути (вклучувајќи, без ограничување, суспензија на една или повеќе рути) како што смета дека е соодветно повремено.

6.3.

Го задржуваме правото на променување на која било од поволностите во секое време. Сепак, се обврзуваме да ве известиме претходно (со исклучок на поволностите на бесплатното членство, коишто може да се променат и без претходно известување). Тековните информации за поволностите се достапни на нашата веб-страница во „Информации и услуги на WIZZ“. Доколку не прифатите ниту една од таквите измени

, можете да го прекинете Вашето членство преку веб-страницата, апликацијата или преку е-пошта. Во овој случај, ќе се применува клаузулата 8.7 од важечките „Општи правила и услови“.

6.4.

Кога резервирате лет во друга валута, износите што ги заштедувате можат да се разликуваат поради промените на девизниот курс.

6.5.

Поволностите важат за членот на WIZZ Discount Club и неговите придружници вклучени во истата резервација, под услов вкупниот број на придружници во резервацијата да не го надминува бројот на корисници од типот на купеното членство на WIZZ Discount Club. Премиум поволностите од Premium Plus членството се валидни за членот и уште еден (1) придружник. Преостанатите придружници уживаат во поволностите од членството во Standard Plus.

6.6.

Поволностите не се достапни за патниците за коишто сте извршиле одделна резервација.

6.7.

Поволностите нема да им се доделат или рефундираат на членовите за резервациите извршени пред купувањето на членството.

6.8.

Членството во Клубот не може да се пренесе. Треба веднаш да нè известите ако забележите неовластена употреба на вашето членство во Клубот.

6.9.

Независно од тоа од кој ентитет сте го купиле членството во WIZZ Discount Club, имате право на поволностите поврзани со сите летови со сите ентитети на Wizz Air согласно важечките „Општи правила и услови“.

6.10.

Поволностите важат само за една резервација на даден лет согласно типот членство во WIZZ Discount Club. На конкретен лет може да се изврши само една резервација со користење на поволностите на членството во WIZZ Discount Club. Во случај на непридржување кон важечката клаузула, Wizz Air го задржува правото на откажување на конкретните резервации.

7.

ОПШТИ ОДРЕДБИ

7.1.

Сите промоции, цени на билети и други специјални понуди што ги обезбедува Wizz Air подлежат на правилата и условите што важат конкретно за наведената понуда. Освен ако не е договорено со нас, поволностите на Wizz Discount Club не може да се комбинираат со други понуди.

7.2.

Билетите и/или услугите купени со членството во клубот не може да бидат понудени за комерцијални цели од вас, или трета страна, вклучувајќи, но не ограничувајќи се на интернет аукции или други веб-базирани платформи.

7.3.

Во случај на промена на резервацијата, мора да останете постојан патник во резервацијата за да може другите патници во истата резервација да ги искористат поволностите. Доколку сте отстранети од резервацијата, редовната вкупна цена на билетот ќе се применува за сите преостанати патници и ќе се плати вкупната разлика на билетот, во спротивно можеме да ја откажеме резервацијата.

7.4.

Треба да обезбедите точни и вистинити лични податоци при купувањето на членството во клубот и да ги одржувате тие податоци кога користите какви било поволности на клубот. Доколку не ја почитувате горенаведената обврска, го задржуваме правото на лична одлука да го прекинеме вашето членство.

7.5.

Го задржуваме правото еднострано да ги измениме „Општите услови на превоз“ во секое време со објавување на нивната измена на веб-страницата.

7.6.

Освен ако не е поинаку наведено овде, за резервации направени или услуги купени на нашата веб-страница со користење на членството во клубот, ќе се применуваат „Општите правила и услови“ на ентитетот Wizz Air кој управува со летот.

8.

РОКОВИ И РАСКИНУВАЊЕ

8.1.

Standard/Standard Plus/ Premium/ Premium Plus Wizz Discount Club членство започнува кога ќе го купите членството и целосно ќе ја платите членарината. Бесплатното членство на Wizz Discount Club започнува кога ќе ги прифатите „Општите правила и услови на превоз“ и ќе се претплатите на нашиот билтен за специјални понуди.

8.2.

The Standard/ Standard Plus/ Premium/ Premium Plus  Wizz Discount Club членство е валидно за 12 (дванаесет) календарски месеци започнувајќи од денот на купувањето на вашето

членство. Со

бесплатното членство на Wizz Discount Club важи неограничен временски период.

8.3.

Доколку имате бесплатно членство на Wizz Discount Club и го надградите во Standard/ Standard Plus/ Premium/ Premium Plus  Wizz Discount Club, членство периодот на важење од 12 месеци на надграденото членство започнува од денот на купувањето. Доколку имате Standard или Premium Wizz Discount Club членство и го надградите во членство во Standard Plus или Premium Plus Wizz Discount Club, валидноста на Standard Plus или Premium Plus членството е прилагодена на валидноста на членството во Standard или Premium (на

пример, ако сте Standard член 6 месеци, а потоа го надградите членството во Standard Plus, важењето на е Standard Plus исто така истекува 6 месеци подоцна).

8.4.

Откако ќе се прекине, откаже или истече членството на Standard/Standard Plus/ Premium/ Premium Plus Wizz Discount Club, нема да имате право на поволностите на клубот. Основното членство на Wizz Discount Club може исто да биде прекинато од нас или да го откажете вие, по што нема да имате право да ги користите поволностите на клубот.

8.5.

Доколку членството Standard/ Standard Plus/ Premium/ Premium Plus е прекинато, откажано или истекува, автоматски ќе бидете префрлени на основното Wizz Discount Club членство. Доколку сакате да го одбиете префрлувањето, може да го прекинете основното членство на Wizz Discount Club според клаузулата 8.4.

8.6.

Може да го прекинеме вашето членство во секое време со писмено известување.

8.7.

Доколку одлучите да го прекинете членството, имајте предвид дека годишната такса за членството не може да се рефундира во целост или делумно.

9.

ЧЛЕНСТВО ВО WIZZ DISCOUNT CLUB ЗА СОПСТВЕНИЦИ НА КОБРЕНДИРАНИ КРЕДИТНИ КАРТИЧКИ

9.1.

Сопствениците на кобрендирани кредитни картички имаат право на членство што се плаќа на WIZZ Discount Club без плаќање на членарината или на основното членство на кобрендираниот договор за кредитна картичка на банката која ја издава кобрендираната кредитна картичка. Стандардно, членството во WIZZ Discount Club за кобрендирани кредитни картички ги вклучува членството воWIZZ Discount Club Standard или членството во WIZZ Discount Club Standard Plus . Сопствениците на кобрендираните на кредитни картички со членство во Payable Wizz Discount Club автоматски го добиваат и основното членство.

9.2.

Кобрендираната картичка поврзана со членството во WIZZ Discount Club има важност од 12 месеци. Членството во WIZZ Discount Club ќе се активира штом сопственикот на кредитната картичка ќе ја активира својата сметка на WIZZ на интернет.

9.3.

Стандардното членство на WIZZ Discount Club автоматски ќе се продолжува секоја година сѐ додека е активна кредитната картичка.

9.4.

Доколку имате право на членство во Payable Wizz Discount Club поради кобрендирана кредитна картичка и го надградите вашето членство, валидноста на надграденото членство се прилагодува на валидноста на членството обезбедено со кобрендираната картичка (на пример, ја активиравте вашата кобрендирана кредитна картичка на 1 јануари која вклучува членство во Standard Wizz Discount Club, потоа одлучите да го надградите на членство во Standard Plus Wizz Discount Club во јули, членството во Standard Plus, исто така, ќе истече на 31 декември). Кобрендираната кредитна картичка поврзана со членството на WIZZ Discount Club Standard може да се надгради само во членството на WIZZ Discount Club Standard Plus. Кобрендираната кредитна картичка поврзана со членството на WIZZ Discount Club Standard Plus не може да се надгради.

9.5.

Сопствениците на овие кредитни картички кои веќе имаат важечко членство во WIZZ Discount Club за плаќање, ќе имаат право на членство поврзано со кобрендираната кредитна картичка, наведено во клаузула 9.1, откако претходното членство ќе истече.

9.6.

Доколку кобрендираната кредитна картичка е истечена или банката или сопственикот на кобрендираната кредитна картичка го раскинат договорот за кредитна картичка, Wizz Air го задржува правото да го прекине членството во WIZZ Discount Club или да го ограничи на основно членство.

9.7.

За членовите на WIZZ Discount Club што се сопственици на кобрендирани кредитни картички, важат сите други одредби од тековните „Правила и услови" согласно Клаузула 9.

10.

ВЛАДЕЈАЧКО ПРАВО

10.1.

Овие „Општи правила и услови“ подлежат на унгарските закони. Унгарските судови ќе имаат неексклузивна судска надлежност во секој договорен или недоговорен спор што произлегува од или е поврзан со овие „Општи правила и услови“. Под услов ако сте жител потрошувач на

земја-членка на ЕУ, ќе можете да покренете постапка во судовите на

таа земја-членка.

На сила од: 04 декември 2023 година